МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

До: Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје
Орце Николов 75, 1000 Скопје

Датум: февруари 2019 година

Предмет: Образложение за работењето на Македонски Телеком АД – Скопје за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година

Следната анализа се однесува на неревидираните финансиски извештаи на Македонски Телеком (МКТ) за периодот 01.01.2018 - 31.12.2018, подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Примената на новиот стандард МСФИ 15 Приходи од договори со корисници се бара за годишните периоди кои почнуваат на или по 1. јануари 2018 година. МСФИ 15 го замени стандардот МСС Договори за изградба 11 и МСС 18 Приходи, за периодите кои почнуваат на или по 1. јануари 2018 година. Усвојувањето на новиот стандард ќе резултира со значителни промени во финансиските извештаи на МКТ, првенствено во однос на времето на признавање на приходот и во однос на капитализацијата на трошоците за склучување на договор со корисник. Во случај на аранжмани со повеќе елементи (пр. договор за мобилна телекомуникациона услуга плус мобилен телефон) со повластена цена за елементот даден авансно, поголем дел од вкупниот надоместок се алоцира на елементот даден авансно (мобилниот телефон), што влијае на порано признавање на приход во иднина. Ова влијае на признавање на, како што е познато, средство од договори – побарување произлезено од договор со корисник кое сеуште не е правно настанато – во Билансот на состојба. Во исто време, ова резултира во повисок приход од продажба на добра и трговска стока и помал приход од давање на услуги. Трошоците за продажните провизии (трошоците за склучување на договор со корисник), мора да бидат капитализирани и признавани во очекуваниот перидот на задржување на корисниците. МКТ ја искористи опцијата на модифициран ретроспективен пристап за првична примена, т.е. договорите кои не беа завршени на 1. јануари 2018 година беа евидентирани како да биле признати во согласност со МСФИ 15 од самиот почеток на договорот. Кумулативниот ефект од транзицијата беше признат како корекција на почетните салда на капиталот во годината на иницијалната примена.

Примена на новиот стандард МСФИ 9 - Финансиски инструменти се бара за годишните периоди кои почнуваат на или по 1. јануари 2018 година. Стандардот се однесува на класификација, мерење и деепризнавање на финансиските средства и обврски и воведува нови правила за сметководство за хеџинг. Во декември 2011, ноември 2013 и јули 2014 година, Меѓународниот одбор за сметководствени стандарди (IASB) направи измени на стандардот со цел воведување на дополнителни промени во правилата за класификација и мерење и воведе нов модел за исправка на вредност (загуби од оштетување). Со овие последни измени се комплетира новиот стандард за финансиски инструменти. Од 1 јануари 2018 година, Друштвото ги класифицира своите финансиски средства во следниве мерни категории: оние кои треба последователно да се мерат по објективната вредност и оние кои треба да се мерат по амортизирана вредност. Класификацијата зависи од деловниот модел на субјектот за управување со финансиските средства и договорните услови на паричните текови. Од 1 Јануари 2018 година, со преминот кон МСФИ 9, исправка на вредноста се признава не само во однос на загубите коишто се веќе настанати на датумот на известување (реализирани загуби), туку исто така и загуби коишто сè уште


МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660 | Основна главнина МКД 9.583.887.733,00

ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

не настанале на датумот на известување, но се очекува дека ќе настанат во иднина (очекувани загуби). Донесувањето на новиот стандард и неговите измени не резултираше во материјални измени во финансиските извештаи на Друштвото. Новите одредби за класификација на финансиските инструменти нема да доведат до промена во мерењето и презентацијата на финансиските средства.

Ефектите од работењето за 2018 година прикажани подолу, заради компаративна анализа со минатата година се дадени без влијанието на Меѓународниот стандард за финаниско известување 15 Приходи од договори со корисници и Меѓународниот стандард за финаниско известување 9 Финансиски инструменти.

## I Приходи

Приходите од продажба во 2018 година изнесуваат 10.462.121 илјади денари, што претставува зголемување за 2,0% (без ефектот од МСФИ 15) во споредба со претходната година.

Имплементацијата на МСФИ 15 има позитивен ефект од 37.191 илјади денари на вкупните приходи.

## Говорни услуги

### Говорни услуги во фиксна телефонија

МКТ успеа да ја одржи **водечката позиција на пазарот на фиксни говорни услуги со 56,1%** (интерна проценка), односно 212,3 илјади корисници на крајот од 2018 година.

**Приходите од говорни услуги** во 2018 година во фиксниот сегмент се намалија за 8,1% (без ефектот од МСФИ 15) во споредба со претходната година поради намалениот појдовен сообраќај за 10,6% како и намалениот меѓународен и национален дојдовен сообраќај. На крајот на 2018 година бројот на корисници на фиксна телефонија бележи благо зголемување за 0,7% споредено со претходната година.

Имплементацијата на МСФИ 15 има негативен ефект од 21.347 илјади денари на приходите од фиксни говорни услуги.

### Мобилни говорни услуги

На пазарот на мобилната телефонија МКТ има **удел на пазарот од 49,7%** (интерна проценка). Базата на претплатници на крајот од 2018 година изнесува 1.206 илјади претплатници и е благо зголемена за 0,2% во однос на претходната година.

**Приходите од говорни мобилни услуги** вклучително и приходите од говорни услуги – големопродажба на крајот од 2018 година се намалени за 1,8% (без ефектот од МСФИ 15) во споредба со претходната година. Ова намалување главно произлегува од намалениот обем на

меѓународен дојдовен сообраќај во терминација. Комбинираниот ARPU (просечниот приход по корисник) е зголемен за 6,3% во споредба со претходната година, достигнувајќи 354 денари, главно придвижен од зголемувањето на учеството на пост-пејд претплатниците во вкупната база на претплатници.

Имплементацијата на МСФИ 15 има негативен ефект од 236.748 илјади денари на приходите од мобилни говорни услуги.

## Интернет, ТВ и други неговорни услуги

### Фиксен Интернет и ТВ

Вкупниот број на пристапи на широкопојасен интернет на крајот од 2018 година е зголемен за 1,2% и изнесува 196,3 илјади во споредба со 194,0 илјади на крајот од претходната година, додека **уделот на пазарот на широкопојасен интернет** на крајот од 2018 година изнесува **45,5%** (интерна проценка). Инвестициите во оптичката мрежа реултираа со пораст на бројот на домаќинства покриени со оптички пристап од 7.1%, споредено со минатата година. На крајот од 2018 година покриеноста на домаќинствата со пристап до оптика достигна 30.5%.

Во однос на **ТВ пазарот**, **МКТ има 30,6% (интерна проценка) удел** од вкупниот ТВ пазар. IPTV (дигитална телевизија преку Интернет протокол) услугата, поради високиот квалитет, интерактивноста и уникатното ТВ искуство, е одлично прифатена на пазарот и **МКТ** оствари зголемување на бројот на корисници на IPTV (вклучувајќи Magenta 1, 3 Play и други TV услуги) за 9,3% во споредба со претходната година што резултираше со база од 128,4 илјади корисници на крајот од 2018 година.

**Приходите од дигитална телевизија преку Интернет протокол („IPTV")** на крајот од 2018 година се зголемени за 14,5% (без ефектот од МСФИ 15) во споредба со претходната година.

Додека позитивниот тренд на раст на ТВ ARPU (просечниот приход по корисник) продолжи, силната конкуренција во Интернет сегментот влијаеше негативно ARPU од широкопојасниот интернет. Поради тоа, **приходите од малопродажен Интернет** на крајот од 2018 година се намалени за 1,1% (без ефектот од МСФИ 15) во споредба со претходната година.

Имплементацијата на МСФИ 15 има негативен ефект од 51.119 илјади денари на приходите од **малопродажен Интернет** и **дигитална телевизија преку Интернет протокол („IPTV")**.

### Мобилни неговорни услуги

**Приходите од неговорни услуги** на крајот од 2018 година се зголемија за 11,0% (без ефектот од МСФИ 15) во споредба со претходната година, како резултат на зголемените приходи од мобилен Интернет и поголем GPRS сообраќај и зголеменото користење на податочни тарифни модели.

Имплементацијата на МСФИ 15 има негативен ефект од 119.372 илјади денари на приходите од мобилни неговорни услуги.

## Останати приходи



### Останати приходи во фиксниот и мобилниот сегмент

**Приходите од продажбата на опрема** на крајот од 2018 година се зголемија за 8,8% (без ефектот од МСФИ 15) во споредба со претходната година, што се должи на повисока просечна продажна цена на мобилни апарати како и поголемиот број на продадени мобилни апарати.

Имплементацијата на МСФИ 15 има позитивен ефект од 466.406 илјади денари на приходите од продажба на опрема.

**Приходите од системска интеграција и ИТ услуги** на крајот од 2018 година продолжија со динамичен раст по минатогодишното опаѓање и истите се зголемија за 41,6% во споредба со претходната година. Повисоките приходи се резултат поголем број на ИКТ (Информациони и комуникациони технологии) проекти.

## II Трошоци

### OPEX Оперативни трошоци

На страната на трошоците, на крајот од 2018 година оперативните расходи бележат зголемување од 1,8% (без ефектот од МСФИ 9 и МСФИ 15) во споредба со претходната година.

Имплементацијата на МСФИ 9 и МСФИ 15 има негативен ефект од 30.524 илјади денари на оперативните расходи.

Трошоците за вработени се зголемени за 5,9% (без ефектот од МСФИ 15) на крајот од 2018 година во споредба со претходната година. Зголемувањето се должи на трошоците за отпремнини на вработените коишто ја напуштија компанијата во согласност со програмата за доброволно заминување од Компанијата. Имплементацијата на МСФИ 15 има позитивен ефект од од 11.769 илјади денари на трошоците за вработени.

Трошоците за набавна вредност на трговски стоки се зголемени за 11,2% на крајот од 2018 година во споредба со претходната година.

Трошоците за амортизација на крајот од 2018 година во споредба со претходната година се зголемени за 5,5%.

### Капитални трошоци

Вкупните капитални инвестиции (CAPEX), на крајот од 2018 година изнесуваат 2.037.713 илјади денари.

## III Оперативна и нето добивка

Горенаведените движења на страната на приходите и трошоците резултираа со зголемување на оперативната добивка пред камати, оданочување и амортизација (EBITDA) во 2018 година за 3,3% (без ефектот од МСФИ 15 и МСФИ 9) во споредба со претходната година. Следствено, EBITDA маргината за 2018 година изнесува 39,2%.

Оперативната добивка пред камати и оданочување (EBIT) за 2018 година е стабилна (без ефектот од МСФИ 15 и МСФИ 9) во споредба со претходната година.

Нето добивката за 2018 година е зголемена за 2,5% (без ефектот од МСФИ 15 и МСФИ 9) во споредба со претходната година, додека нето добивката во согласност со МСФИ 15 и МСФИ 9 е зголемена за 2,9% и изнесува 1.421.564 илјади денари. Имплементацијата на МСФИ 15 и МСФИ 9 имаше ефект на нето добивката односно резултираше во позитивен ефект од 6.000 илјади денари вклучувајќи го негативниот ефект на одложени даноци во износ од 667 илјади денари.

| *Во илјади денари* | *2017 јан - дек во согласност со МСС 11 и МСС 18* | *2018 јан - дек во согласност со МСФИ 15 и МСФИ 9* | *Промена 2018 спрема 2017* | *Ефект од МСФИ 15 и МСФИ 9* | *2018 јан - дек во согласност со МСС 11 и МСС 18* | *Промена 2018 спрема 2017* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оперативни приходи | 10.368.035 | 10.564.528 | 1,9% | -37.191 | 10.527.337 | 1,5% |
| Приходи од продажба | 10.221.094 | 10.462.121 | 2,4% | -37.191 | 10.424.930 | 2,0% |
| Оперативни расходи | 8.754.428 | 8.945.789 | 2,2% | 30.524 | 8.915.265 | 1,8% |
| Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 2.387.440 | 2.519.279 | 5,5% | 0 | 2.519.279 | 5,5% |
| **Оперативна добивка пред камати, оданочување и амортизација (EBITDA)** | **4.001.047** | **4.138.018** | **3,4%** | **-6.667** | **4.131.351** | **3,3%** |
| *EBITDA маргина во %* | 38,6% | 39,2% | | | 39,2% | |
| **Оперативна добивка пред камати и оданочување (EBIT)** | **1.613.607** | **1.618.739** | **0,3%** | **-6.667** | **1.612.072** | **-0,1%** |
| **Ефект на одложени даноци** | | | | **667** | | |
| **Нето добивка** | **1.380.848** | **1.421.564** | **2,9%** | **-6.000** | **1.415.564** | **2,5%** |

## IV Исплатени дивиденди

Собранието на акционери на МКТ на состанокот одржан на 16 април 2018 година ја усвои Одлуката за исплата на дивиденда за 2017 година и утврдување на дивиденден календар. Во согласност со оваа Одлука дивидендата за 2017 година е во вкупен бруто износ од 1.584.851 илјади денари.

Бруто износ на дивиденда по акција за 2017 година е МКД 18,37. Дивидендата беше исплатена во септември 2018 година.

## V План и очекувања за претстојниот период

Планот за 2018 година беше подготвен врз основа на претпоставки во релативно стабилна макроекономска околина и веќе консолидиран пазар, со предвиден пад на вкупниот пазар за 0,6% во 2018 во споредба со претходната година.

Постигнувањето на повисоки актуелни приходи во споредба со планираните приходи е резултат на стратегијата за раст на таргетираните области односно зголемување на вредноста на корисничката база, понатамошна пенетрација на FCM (конвергенција на фиксни и мобилни услуги) / FMCC (Cloud конвергенција на фиксни и мобилни услуги), издигнување на ИКТ како нов тек на приходи.

Следствено, повисоките трошоци поврзани со приходите резултираа со пониска директна маргина. Останатите оперативни трошоци / приходи се под планот, заради постојаното трошочно оптимизирање на трошоците за вработени, одржување итн.

Очекувањата за следниот период може да бидат резимирани како што следи:

- Продолжување на позитивниот развој во пазарната структура – подобрување на постпејд / припејд показателот, позитивен развој на ARPU (просечниот приход по корисник)

- Првокласна ТВ содржина – еден од главните двигатели за позиционирање на пазарот

- Подобрување на инфраструктурните инвестиции, продолжување со понатамошно ширење на оптичката мрежа

- Паметни градови, ИКТ и Cloud можности за развој

МКТ исто така планира да ја одржува водечката позиција во FCM (конвергенција на фиксни и мобилни услуги) и осигурување на генерирање на вредност од конвергентни домаќинства.

*****

*На 13 февруари 2006 година, Маѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје, мнозински акционер на Друштвото), објави дека е вршена истрага на одредени договори склучени од друга подружница на Маѓар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Маѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД, донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Република Северна Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Маѓар Телеком, а коишто беа претходно обелоденети, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком спроведе интерна истрага во однос на*

*одредени договори поврзани со активностите на Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Република Северна Македонија кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага испитуваше дали Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Република Северна Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и американскиот Закон за спречување на корумпирано однесување во странство (ФЦПА). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.*

*Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП“) и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ“) за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. На 29 декември 2011 година, Маѓар Телеком објави дека склучи конечни спогодби со МП и КХВ за решавање на истрагите на МП и КХВ поврзани со Маѓар Телеком. Со спогодбите завршија истрагите на МП и КХВ. Маѓар Телеком ги објави клучните услови од спогодбата со МП и КХВ на 29 декември 2011 година. Поконкретно, Маѓар Телеком објави дека склучил договор за одложено гонење за период од две години („ДОГ“) со МП. ДОГ истече на 5 јануари 2014 година, а врз основа на барањето на МП доставено во согласност со ДОГ, Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија, на 5 февруари 2014 година, ги отфрли обвиненијата против Маѓар Телеком.*

*Во врска со локалната истрага од страна на државните органи во Република Северна Македонија и претходно обелоденетата информација во Финансиските извештаи на Друштвото за претходните години, кривичната постапка во основниот суд е во тек.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од кое било регулаторно тело или други надворешни страни, освен како што е опишано погоре, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи можат да бидат неточни, вклучувајќи ги и ефектите од можни незаконски дејства.*

| Никола Љушев | Славко Пројкоски |
|---|---|
| Главен извршен директор | Главен директор за финансии |